

# Јордан Плевнеш (1953)

Редовен професор и

Ректор на

Универзитетот за аудиовизуелни уметности
Европска филмска академија
ЕСРА Париз-Скопје-Њујорк

Роден во с. Слоештица (демирхисарско), каде што завршил основно образование. Гимназија завршил во Битола, а Филолошки факултет во Скопје. Постдипломските студии ги завршил на Универзитетот Paris VIII Sorbona, како и на Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје, каде магистрирал на тема "Македонската народна драма" кај проф. Кирил Пенушлиски. По неговот заминување во Париз, поради исклучително богатиот ангажман на есеистички и научно-истражувачки опус кој брои над 300 библиографски единици во различни европски и светски списанија, избран е во повеќе Универзитетски звања меѓу кои предавач и вонреден визитинг професор на француските и американските Универзитети. По основачкиот акт според законот за Високо образование на Р. Македонија и Акредитацијата на Универзитетот за аудиовизуелни уметности, на 27 март 2008 г. матичната комисија го избра за редовен професор.

Јордан Плевнеш е истакнат македонски писател со интернационално реноме, автор на дела кои се објавувани и изведувани во над педесетина земји во светот и за кого пишувале сите најзначајни светски информативни гласила на сите континенти. Носител на највисоки национални и интернационални признанија. Автор на документарни филмови за најпознатите личности на XX век (Шарл Азнавур, Клод Лелуш, Клаудија Кардинале, Питер Брук, Ив Бонфоа, Никола Бувие, Херберт Лотман) како и на сценаријата за долгометражните филмови "Тајната книга" и "Човекот со сто лица".

**Биографија - хронологија:**



1985-1988 Филолошки факултет при Универзитетот Кирил и Методиј, Асистент во Одделението за македонска литература 19 век при Институтот за македонска литература и Секретар на Институтот

1988-1994 Лектор и предавач по македонски јазик и литература на Институт за ориентални јазици и цивилизации во Париз

1994-1995 Визитинг професор по модерен театар и драмско пишување на Универзитетот на Тексас во Далас САД

1995-1999 Професор по кретаивно пишување на Универзитетот Orsay во Париз XI Сорбона




1999 - 2000 Визитинг професор по театар и драмско пишување на Универзитеот во Yale- САД

2000-2005 Амбасадор на Р Македонија во Франција, Шпанија, Португалија и Унеско,

2006 - Избран за потпредседател на Интернационалниот комитет за Дијалог меѓу цивилизациите на УНЕСКО, а во истата година Универзитетот Сорбона организира симопозиум со учество на петнаесетина експерти за неговото творештво од сите меридијани под претседателство на Херберт Лотман

2007 - Го основа првиот Универзитет за Аудио визуелни уметности во Југоисточна Европа, ЕСРА Парис-Скопје-Њујорк во Скопје, РМ